Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 347/2023

Дата: ....17.-02.-2023..

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот наменети за санација на свлечиште со потпорна конструкција со премостување на регионален пат Р2331 на патен правец Битола-Нижеполе, КО Дихово, Општина Битола.**
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 4,9 ха.
Површината за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 1,95 ха.
За останатиот дел од планскиот опфат има издадено Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за село Дихово, Општина Битола, со тех. бр. Y25216 и Решение со бр. УП1-15 909/2016 од 26.12.2016 година.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y46522** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).
4. Условите за планирање на просторот наменети за санација на свлечиште со потпорна конструкција со премостување на регионален пат Р2331 на патен правец Битола-Нижеполе, КО Дихово, Општина Битола содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 45893 од 16.09.2022 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот наменети за санација на свлечиште со потпорна конструкција со премостување на регионален пат Р2331 на патен правец Битола-Нижеполе, КО Дихово, Општина Битола.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот наменети за санација на свлечиште со потпорна конструкција со премостување на регионален пат Р2331 на патен правец Битола-Нижеполе, КО Дихово, Општина Битола и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 347/2023 од 15.02.2023 година.

**Условите за планирање на просторот наменети за санација на свлечиште со потпорна конструкција со премостување на регионален пат Р2331 на патен правец Битола-Нижеполе, КО Дихово, Општина Битола претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска